ЕВРОТИНК ЦЕНТАР ЗА ЕВРОПСКИ СТРАТЕГИИ / EUROTHINK CENTER FOR EUROPEAN STRATEGIES eurothink.mk

НВО ИНФОЦЕНТАР

ТРАНСПАРЕНТНОСТ МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ(АЕК)

## ОКТОМВРИ - ДЕКЕМВРИ 2018




### Транспарентност и отчетност

Во 2019 година, АЕК планира да ги унапреди своите три интернет-страници и мобилните апликации.

На интернет-страниците на АЕК редовно се објавуваат информации и документи од работата на Агенцијата.

Директорот сѐ уште не објавува периодични извештаи за своите трошоци (патни трошоци, репрезентација,телефон).

### Ефективност и независност

АЕК го продолжи рокот за изградба на антенскиот систем за мониторинг и контрола, за повеќе од две години.

АЕК одлучи да достави опомена пред тужба до Јавното сообраќајно претпријатие Скопје (ЈСП Скопје), затоа што, сѐ уште не доставило финансиски извештај за донацијата наменета за Панорамското тркало.

### Заклучоци и препораки

Препорачуваме директорот на АЕК, да започне со објавување на шестмесечни извештаи за сопствените трошоци.

Препорачуваме подетално водење на записниците од состаноците на Комисијата и задржување на претходната добра практика за објавување на сите работни материјали од јавните состаноци.

Препорачуваме објавување на подетални описи на јавните набавки.

### Заклучоци и препораки

Продолжувањето на рокот за изградба на антенскиот систем, како и отсуството на каква било информации за донираните средства, ја поткопуваат ефективноста на работата на АЕК.

АЕК треба да ја почитува новата временска рамка за изградба на антенскиот столб, како и предвидените средства, а јавноста треба да биде редовно и детално информирана за текот на целиот процес.

АЕК да ги објави финансиските извештаи за сите доделени донации во изминатите пет (5) години.


Funded by UK Government

British Embassy Skopje

Овој инфографик е подготвен во рамки на проектот „Мониторинг на ефикасноста, ефективноста, транспарентноста и одговорноста на регулаторните тела за медиумите – PROformance Watch II“ финансиран од Владата на Обединето Кралство, со поддршка на Британската амбасада Скопје. Мислењата и ставовите наведени во оваа содржина не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на Британската Влада.

## Перформанси и извршување

АЕК ги усвои Годшниот план за работа како и финансискиот план за 2019 година.

Очекуваните годишни приходи се помали за 20,5% во однос на 2018 година.

Најголема расходна ставка се платите и таа е поголема за 20% во споредба со лани.

АЕК планира да воведе политика за намалување на отсуството од работа.

Ставката за изградба на антенскиот столб е намалена, а нема ставка за донации.

## Заклучоци и препораки

Во просек, платите во АЕК се за речиси 60% повисоки од просечната плата во државата.

Покачувањето на ставката за плати, во година кога се очекува намалување на приходите, укажува на тоа дека АЕК нема развоен буџет.

Воведувањето политика за намалување на отсуството од работа, го отвора прашањето за тоа, дали во АЕК има бројни неоправдани отсуства на добро платените вработени лица и колку отсуствата негативно влијаат врз работата на Агенцијата.



## Јавен интерес

Над 800 граѓани се јавиле или испратиле порака на бесплатниот број 190, а 144 граѓани доставиле приговори (во писмена и електронска форма) до АЕК.

АЕК објави интернет-апликација (Speedtest.aek.mk), преку која претплатниците и/или крајните корисници можат го измерат квалитет на нивниот интернет.

## Заклучоци и препораки

Предлагаме поголем фокус на АЕК кон корисниците и особено, зголемена контрола на услугите кои ги добиваат крајните корисници.

PROformance WATCH II